Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 24.06.2022

На 23.06.2022 во 22.00 часот на ул.„Морава" во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Чаир го лишиле од слобода Р.Е.(22) од Скопје. Тој бил баран по потерница од Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна за сторено кривично дело по член 235 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

Денеска (24.06.2022) во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Ј.Б.(61) од Скопје. Приведувањето е направено врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна за сторено кривично дело по член 297 ст.3 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено на надлежна казнено-поправна установа.

На 24.06.2022 во 00.30 часот, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Н.С.(59) од селото Требеништа, општина Дебарца. Тој, претходно бил затекнат при кражба на гориво од работна машина на автопатот во изградба Кичево-Охрид и пронајдени му се две пластични туби со околу 50 литри гориво. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.06.2022 во 23.00 часот на улица „Јанко Михајлоски" во Кичево, полициски службеници го лишиле од слобода Л.Л.(27) од Кичево затоа што кај него биле пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.06.2022 во 00.15 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода И.С.(60) од Струмица затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.06.2022 во СВР Битола било пријавено дека на влезот од с.Ґопеш, битолско, во близина на манастирот, била пронајдена неексплодирана артилериска граната калибар 75 мм од Првата светска војна. Од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била безбедно подигната, а увид извршила екипа од СВР Битола.

На 23.06.2022 во 10.55 часот на бул.„Западен булевар" во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода И.О.(51) од Кавадарци затоа што бил затекнат со пневматска пушка „гамо" покрај него. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (23.06.2022), Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила што се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 206 возачи. Од нив, 17 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 77 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 129 надвор од населено место. За време на акциската контрола санкционирани биле и 209 други видови прекршоци.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (23.06.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 180 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 25 санкции, 19 мерки за возење без возачка дозвола, а шест за користење на мобилен телефон. Изречени се и 30 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, 10 мерки за прекршоци што ги чинат пешаците, 15 за технички неисправни и нерегистрирани возила...

23.06.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 26 возачи, од кои 5 санкции се изречени на територија на Битола, 8 на територија на Ресен, 7 во Прилеп, 4 во Демир Хисар и 2 во Крушево.

На 23.06.2022 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Битола беше спроведена акциска контрола за прекршоци што ги прават мотоциклисти при што биле откриени и санкционирани 50 прекршоци.

На 23.06.2022 околу 13.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на велосипедска патека на бул.„Партизански одреди" се случила сообраќајна несреќа помеѓу тротинет управуван од Г.Ј.(46) од Скопје и велосипедист Н.Б.(20) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Г.Ј., констатирани во Градската општа болница „Свети Наум Охридски". Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 23.06.2022 во 23.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, Б.А.(34) од Скопје пријавила дека на ул. „Јужен булевар" била касната од куче скитник.

Денеска (24.06.2022) во 12.25 часот во нас.Маџари во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ј.(33) од Скопје. Тој бил баран со потерница по барање на Казнено-поправната установа Затвор Скопје за доиздржување на казна затвор од седум месеци, а бил осуден на затворска казна од една година за сторено кривично дело по член 288 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено на надлежна казнено-поправна установа.

Денеска (24.06.2022) во 12.20 часот во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода С.Љ.(27) од с.Грчец, скопско. Тој бил баран со потерница за спроведување истрага и за него била определена мерка притвор поради основано сомнение дека е сторителот на кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" по член 215 став 3 од Кривичниот законик.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.С.(44) од Охрид поради поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес во неговиот дом, извршен со судска нареба, полициските службеници пронашле и одзеле една ловечка пушка, една воздушна пушка, една пушка „Црвена застава" и 30 куршуми различен калибар кои нелегално ги поседувал.

На 23.06.2022 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени сообраќајни контроли на прекршоци што ги прават возачи на мотоцикли и мопеди. Притоа, полициските службеници санкционирале 29 возачи на мотоцикли кои управувале без заштитен шлем-кацига (Охрид-12, Струга-07, Кичево-03, Дебар-07).

На 24.06.2022 во 01.30 часот на ул.„Даме Груев" во Гевгелија, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија го лишиле од слобода М.П.(25) од Гевгелија затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.06.2022 околу 17.47 часот во СВР Скопје, вработен во фирма од Куманово, пријавил дека на Средно Водно, каде што фирмата извршувала градежни работи околу гасоводот, забележал дека настанал пожар на една работна машина, сопственост на фирмата. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил локализиран, а повредени лице нема. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Ј.Ј. (41), С.Ј.(19), Д.Ј.(42) и З.Ј.(43), сите од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 25.12.2021 во угостителски објект на ул.„Орде Тутески" во Прилеп, пријавените физички и со стаклени предмети ги нападнале К.В., А.Т., С.Б. и А.К., сите од Прилеп.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.Р.(34) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 03.06.2022 на својот профил на социјална мрежа, пријавениот постирал текст со заканувачка содржина кон одговорните и вработени лица во компанија. Набргу потоа, со него бил извршен службен разговор, при што го признал делото.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.К.(62) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 14.03.2022 на објава од портал, пријавениот напишал коментар со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство кон определена група или поединец.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.Т.(19) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.11.2021 на ул.„Пандил Шишков", полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана, амфетамин и дробилка.

ОВР Виница поднесе кривична пријава против М.Д. (23) од Виница поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". Пријавениот, во текот на февруари 2022 набавил марихуана, по што во својот дом му овозможил на својот брат да ја консумира. На 25.03.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот кај пријавениот, при што пронашле дробилка со остатоци од марихуана.

На 22.06.2022 околу 12.20 часот во Полициското одделение Петровец, Б.Н.(36) од Кочани пријавил дека на своето работно место во фирма во с.Петровец, скопско, бил физички нападнат од неговата колешка К.А.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.06.2022 во 13.15 часот во Полициската станица Чаир, К.К.М.(41) од Куманово пријавил дека околу 12.20 часот во фирма на подрачјето на Чаир, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од О.М.(50) и Ј.М.(20), двајцата од Скопје, Се работи на расчистување на случајот.

Во Полициската станица Драчево било пријавено дека во угостителски објект на подрачје на Драчево бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Ц. (46) и Д.С.(50), од една страна и Т.С.(52) од друга страна, сите од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.06.2022 околу 13.20 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека околу 13.15 часот во стан од зграда на подрачје на Центар, сопственост на П.Д.(37) од Скопје, настанал пожар на електрична табла со осигурувачи. Пожарот бил изгаснат од екипа противпожарната единица Скопје, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 23.06.2022 во 21.15 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека на оџак од угостителски објект на Плоштад Македонија настанал пожар. Пожарот бил изгаснат од екипа противпожарната единица Скопје, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет